Број 20 Година XVI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, ноември 2022

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за прогласување на заслужни граѓани на Општина Карпош за 2022 година**

1. Се објавува Одлуката за прогласување на заслужни граѓани на Општина Карпош за 2022 година, донесена на петнаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8472/1**
**Датум:09.11.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со предлогот од Градоначалникот на Општина Карпош и членовите на Комисијата за прописи и Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Карпош, на петнаесетата седница, одржана на 9 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прогласување на заслужни граѓани на Општина Карпош за 2022 година**

**Член 1**

По повод 46-годишнината од формирањето на Општина Карпош, за заслужни граѓани на Општина Карпош за 2022 година, се прогласуваат:

- Ристо Дарлев, истакнат спортист – борење слободен стил и
- Бранко Јовевски, истакнат фолклорен работник

**Член 2**

За извонредно големиот придонес во полето на спортот и во полето на фолклорот и традицијата, на именуваните од член 1 на оваа одлука ќе им се додели Плакета за заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2022 година.

**Член 3**

Плакетите за заслужен граѓанин на Општина Карпош ќе ги додели Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8176/3**
**Датум:09.11.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за доделување награда за постигнат успех на глобално ниво**

1. Се објавува Одлуката за доделување награда за постигнат успех на глобално ниво, донесена на петнаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8472/2**
**Датум:09.11.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 51 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, а во врска со предлогот од Градоначалникот на Општина Карпош и членовите на Комисијата за прописи и Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Карпош, на петнаесеттата седница, одржана на 9 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување награда за постигнат успех на глобално ниво**

**Член 1**

По повод 46-годишнината од формирањето на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош додлеува награда за постигнат успех на глобално ниво – трето место со алијанси на натпреварот по роботика организиран од „FIRST Global Challenge“, одржан во Женева, Швајцарска Конфедерација.

Наградата се доделува на тимот составен од седум члена:

1. Горијан Стаматовски, ученик во СУГС „Никола Карев“
2. Горјан Анѓушев, ученик во СУГС „Георги Димитров“
3. Виктор Ванчов, ученик во СУГС „Георги Димитров“
4. Горазд Петковски, ученик во СУГС „Георги Димитров“
5. Јаков Спиров, ученик во СУГС „Георги Димитров“
6. Алма Кецап, ментор, официјален претставник на „FIRST Global Challenge“ во Македонија, и
7. Ален Куљеван, ментор

**Член 2**

За извонредно големиот придонес во полето на роботиката, а пред се´ во афирмацијата на државата, на именуваните од член 1 на оваа одлука ќе им се додели парична награда во финансиски средства во износ од по 30.000,00 денари за секој од учесниците и за двајцата ментори, или вкупен износ од 210.000,00 денари без пресметан персонален данок.
Финансиските средства од став 1 на овој член се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

**Член 3**

Наградите ќе ги додели Градоначалникот на Општина Карпош на Свечена академија организирана по повод 46-тиот роденден на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-8176/4
Датум:09.11.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на спортот**

1. Се објавува Одлуката за доделување награда за постигнат успех во полето на спортот, донесена на петнаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 ноември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8472/3**
**Датум:09.11.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 51 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, а во врска со предлогот од Градоначалникот на Општина Карпош и членовите на Комисијата за прописи и Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Карпош, на петнаесетата седница, одржана на 9 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување награда за постигнат успех во полето на спортот**

**Член 1**

По повод 46-годишнината од формирањето на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош додлеува награда за постигнат успех во полето на спортот.

Наградата се доделува на Стефани Дељановска, државен првак по гимнастика, ученик во ПОУ „Јахија Кемал“.

**Член 2**

За извонредно големиот придонес во полето на спортот, а пред се´ во афирмацијата на државата, на именуваната од член 1 на оваа одлука ќе се додели парична награда во финансиски средства во износ од 30.000,00 денари без пресметан данок.
Финансиските средства од став 1 на овој член се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

**Член 3**

Наградата ќе ја додели Градоначалникот на Општина Карпош на Свечена академија организирана по повод 46-тиот роденден на Општина Карпош.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-8176/5
Датум:09.11.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

СОДРЖИНА

1. Одлука за прогласување заслужни граѓани на Општина Карпош за 2022 година, со Решение за објавување
2. Одлука за доделување награда за постигнат успех на глобално ниво, со Решение за објавување, и
3. Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на спортот, со Решение за објавување.

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци